# Е - МАПАС
# бр. 4

маj 2013 година

### ШТО Е АГЕНТ?

Агент е лице кое врши работи на маркетинг на пензиски фондови и има положено испит за агент. Испитот за стекнување на својство на агент го организира и спроведува МАПАС.

Пензиските друштва вршат работи на маркетинг преку својата агентска мрежа со која може да склучите договор за членство за задолжителен или доброволен пензиски фонд. Во моментов има вкупно 864 агенти кои имаат уверение за положен испит за стекнување својство на агент.

- ✓ Акционерското друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови „НЛБ НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД" Скопје го застапуваат 509 агенти.
- ✓ КБ Прво друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје го застапуваат 355 агенти.

Листата на агенти по градови пензиските друштва ја објавуваат на својата веб страна како и на видно место во своето седиште.

Потребни информации можете да најдете на следниве веб страни на пензиските друштва:

*НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје*
www.npf.com.mk

*КБ Прво пензиско друштво АД Скопје*
www.kbprvo.com.mk

Следете не и на:

http://www.facebook.com/MAPAS.MK

### МИСЛИ ЗА ПРОДАЖБА

*"Целта на маркетингот е да ги запознаеме и разбереме клиентите толку добро, така што производот или услугата ќе му одговараат и ќе се продадат сами по себе." - Henry Ford*

*"Ако не се грижите за Вашиот клиент, конкуренцијата ќе го направи тоа".- Bob Hooey*

### КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ ПРИ СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЧЛЕНСТВО ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ИЛИ ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

### ВАШ СОПСТВЕН ИЗБОР Е ДА ОДБЕРЕТЕ ВО КОЈ ФОНД САКАТЕ ДА БИДЕТЕ ЧЛЕН

Никој не смее на друго лице да нуди било какви подароци со цел да ве наведе да се зачлените во пензиски фонд.



Никој не смее да нуди било какви подароци на работодавец со цел да го поттикне да им наложи на неговите вработени да се зачленат во пензиски фонд.

Ваша лична одлука е да изберете друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови со кое ќе склучите договор за членство.

### ПРЕД ДА ЗАПОЧНЕ ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА СЛОБОДНО ПОБАРАЈТЕ ЛЕГИТИМАЦИЈА НА АГЕНТОТ И ПРАШАЈТЕ КОЕ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО ГО ЗАСТАПУВА

Пензиското друштво може да склучи договор за членство само преку свој агент кој задолжително присуствува при склучувањето на договорот за членство.



Агентот своите активности за маркетинг на пензиското друштво мора да ги врши лично и не смее да склучува договори преку друго лице.

Секој агент ја користи легитимацијата секогаш кога врши работи на маркетинг и зачленување на нови членови (легитимацијата го содржи логото и името на пензиското друштво и со фотографија, име, презиме и регистарскиот код на агентот).






## ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО И ДОБРОВОЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

- ✓ Агентите не смеат да даваат погрешни и неточни информации за пензиските фондови или информации кои можат да ги доведат во заблуда членовите и лицата кои имаат право да станат членови.
- ✓ Агентите не смеат да даваат никакви изјави или предвидувања за идните инвестициони резултати на задолжителен пензиски фонд, на членовите и лицата кои би можеле да се зачленат.
- ✓ Агентите може да ви дадат материјал за рекламирање, промоција или информација за пензиското друштво.
- ✓ Поставете прашања на агентот доколку нешто не ви е јасно!

## ВАЖНО!

- ✓ Не значи дека со првиот агент што ќе ве контактира треба задолжително да склучите договор за членство.
- ✓ Не значи дека во банката каде што е Вашата трансакциска сметка треба да склучите договор за членство.
- ✓ Работодавецот не треба да носи одлука за изборот на пензиски фонд.
- ✓ Договорот за членство за задолжителен пензиски фонд не е дел од документацијата за вработување.
- ✓ Лицата кои се вработени за прв пат по 1 јануари 2003 година имаат можност во рок од три месеци сметано од датумот на прво вработување да изберат во кој задолжителен пензиски фонд ќе се зачленат.
- ✓ Друштвото односно агентот е должен да обезбеди тајност и заштита на личните податоци на членот со кој го склучува овој договор.

*Агент за осигурување е различно од агент за пензиско осигурување. Застапник во осигурувањето е физичко лице кое има лиценца од Агенцијата за супервизија на осигурување и треба да се разликува од агент кој врши работи на маркетинг на пензиски фондови. Застапниците за осигурување нудат производ за животно осигурување кој е различен од пензиско осигурување).*

## СЕКОГАШ ПРОЧИТАЈТЕ И ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ШТО ПОТПИШУВАТЕ

Агентот покрај основните податоци за членот во договорот ги пополнува податоците за: датум и место на раѓање, датум на прво вработување, адреса за коресподенција, контакт телефон и електронска пошта.

Агентот треба да ви презентира што содржи договорот за членство, да ве информира за висината на надоместоците, остварениот принос и правата што произлегуваат од договорот за членство.

Договорот се потпишува од сите присутни страни.

- ✓ Агентот е должен лично да го потпише договорот.
- ✓ Лицето се стекнува со членство во пензиски фонд со потпишување договор за членство и негова регистрација во Регистарот на членови.

Доколку се склучува договор за членство во доброволен пензиски фонд со потпишување на договор за членство во доброволен пензиски фонд меѓу лицето што се зачленува и физичко лице кое уплаќа придонес, тогаш договорот за членство се потпишува во три примероци.

По склучување на договорот агентот е должен заедно со договорот за членство да ви достави поднесок за раскинување на договорот (кога прв пат склучувате договор имате право во рок од 8 работни дена од потпшувањето да го раскинете договорот ).



## НОВОСТИ

### *Одржана работна средба во МАПАС меѓу претставници на МАПАС и претставници на Телото за финансиска супервизија (АМФ) од Албанија*

На 2 и 3 април 2013 г. МАПАС беше домаќин на претставници од Телото за финансиска супервизија (АМФ) од Албанија, со кое во јануари 2013 година МАПАС склучи меморандум за соработка.
Беа одржани презентација за капитално финансираното пензиско осигурување во Македонија и улогата и активностите на МАПАС и кратка презентација на пензискиот систем во Албанија. По презентациите, следеше богата дискусија за развојот на пензискиот пазар во двете земји и супервизорските практики, со посебен акцент на лиценирањето, супервизијата и предизвиците на супервизија заснована на оценка на ризик, надоместоците и други важни прашања од областа на капитално финансираното пензиско осигурување.

### *МАПАС за финансиска едукација на младите*

Со цел финансиска едукација на младите во областа на пензиското осигурување и правата и обврските на студентите како идни осигуреници и членови во пензискиот систем, МАПАС започнува соработка со универзитетите во Македонија. Студентите се потенцијални идни членови во реформираниот пензиски систем кои задолжително ќе бидат вклучени во неговиот прв и втор столб, веднаш по нивното прво вработување, поради што е значајно појаснување на нивните права и обврски во пензискиот систем, кој што вклучува и нивна активна улога и носење одлуки, како и нивно запознавање со пензискиот систем во целина и улогата на пензијата и значењето на пензиското штедење во животот на секој човек.

Првата презентација оваа година, претставници на МАПАС ја одржаа на 24 април 2013 година на Државен универзитет – Тетово.

## НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

### *Како се станува член на ТРЕТ СТОЛБ?*

Едно лице може да стане член на доброволен пензиски фонд со потпишување на договор за членство со овластен агент на друштво за управување со доброволен пензиски фонд или друштво за управување со задолжителен и доброволен пензиски фонд и уплата на придонес со што лицето добива доброволна индивидуална сметка.

Член може да се стане и со учество во професионална пензиска шема и поседување професионална сметка, доколку работодавачот одлучи да обезбеди дополнително пензиско осигурување за своите вработени.

### *Дали мора секој месец да се уплатуваат средства во доброволен пензиски фонд и во кој износ?*

Во законот кој го регулира третиот столб нема посебни услови, што значи дека не мора да се уплатуваат средства секој месец, а износот на средствата кој ќе се уплатува зависи од одлуката на лицето кое ќе членува во третиот столб или од одлуката на лицето кое ќе уплатува за членот и не мора да е ист при секоја уплата.

**Имате прашања или поплаки?**
**Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.gov.mk**

Registered ISO 9001:2008
UKAS MANAGEMENT SYSTEMS 127

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ (МАПАС)

Ленинградска 100, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: (02) 3224 229;3166 452
www.mapas.gov.mk